**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5499/**

# З А П И С Н И К

**Од 257.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 19.09.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани**(скајп)**,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп)**,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**.**

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 14.10 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 256.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку економските и пазарните аспекти на јавниот радиодифузен сервис.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 256.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 256.седница на Програмскиот совет на МРТ.
По расправата записникот од 256.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 256.седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку економските и пазарните аспекти на јавниот радиодифузен сервис.**
Воведно излагање по оваа точка даде членот на Програмскиот совет Ристе Панов кој во своето излагање објасни дека годишната анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година се однесува на економските и пазарните аспекти на работењето на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери во 2023 година, а документот е објавен годинава од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Според извештајот МРТ имала вкупно приходи 1,000.44 милиони денари, додека комерцијалните телевизии имале вкупен приход од 1,272.63 милиони денари, или заедно со комерцијалните радиостаници вкупни приходи во овој дел од медиумски сектор изнесуват 2,458.57 милиони денари. Во овој дел приходи од реклами МРТ добила 12,28 милиони денари, комерцијалните телевизии 1,079.90, додека комерцијалните радија од реклами собрале 144.01 милиони денари. Споредено со претходната година во вкупната индустрија, овие приходи од рекламирање незначително се зголемиле само 2%.
МРТ има пад на вкупните приходи во однос на 2022 година за 9%,додека приходите на комерцијалните телевизии и на комерцијалните радиостаници пораснале за 3%,односно за 8%.
Половина од вкупните приходи во индустријата биле остварени од рекламирање (50,28%), а 39,47% се средствата од државниот буџет префрлени на сметката на Македонската радиотелевизија. Останатите 10,25% од вкупните приходи биле остварени по други основи.Или во проценти вкупни приходи за 2023 година во индустријата за МРТ се 41% , 52 % од приходите се за комерцијалните телевизии и 7% се за комерцијалните радија.
Ако од приходите се одземат расходите , како резултати од работењето во 2023 година се бележи негатива и кај МРТ со загуба од -131,77 милиони денари и кај комерцијалните телевизии околу -139милиони денари. Добивка во 2023 година оствариле заедно само комерцијалните радија. и тоа износ од 10,15 милиони денари. Овој финансиски резултат кој го оствариле комерцијалните телевизии е најлош во периодот од 2018 година до сега. Загубата на целата индустрија во однос на претходната година е за три и пол пати поголема.
Финансиските резултати од работењето на МРТ за последите 6 години покажуват променливост, па така 2018 година -26.02, 2019 г. -527.15, 2020 г. +74.47, 2021 г -6.74, 2022 г + 35.04 и 2023 г. -131.77 милиони денари.
Средствата кои во 2023 година заедно ги потрошиле јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери изнесувале 2.708,21 милиони денари. Од овие, 42% биле трошоците на МРТ, 52% на телевизиите и 6% на радијата. Во периодот од 2018 до 2023 година, повеќе средства отколку во 2023 година МРТ потрошила само во 2019 година, а комерцијалните телевизии во 2018 и во 2021 година. Радијата пак, највисоки трошоци направиле токму во 2023 година.
Средствата наменети за плати и надоместоци за вработените имале најголем удел во структурата на трошоците и кај јавниот и кај приватниот сектор. Македонската радиотелевизија за оваа намена потрошила 46% од вкупните трошоци кои ги направила, исто толку (46%) потрошиле и радиостаниците, а кај телевизиите за плати биле потрошени 40% нивните вкупни трошоци.

При тоа просечниот број на вработени за 2023 година се евидентирани 661 во МРТ(20 лица помалку отколку во 2022 година), 924 во комерцијалните телевизии (16 лица помалку отколку во 2022 година) и 189 вработени во радијата (19 лица повеќе отколку во 2022 година).
Анализата се осврнува и за неисплата на законските утврдени финансиски средства каде во периодот од 2018 година заклучно со 2023 година, на јавниот радиодифузен сервис му се исплатени 45,44 милиони евра помалку средства од законски предвидените. Со тоа забележлив е негативен тренд од година во година износот на исплатените средства за финансирање на МРТ од државниот буџет континуирано да се намалувал. Па така во 2019 изнесувал 894.00, а за 2023 да изнесува 670,50. Во анализиранaта година, најголем дел од приходите на МРТ (67%) биле од средствата за финансирање на радиодифузната дејност. За повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој Министерството за информатичко општество и администрација на МРТ и префрлило 300 милиони денари (50 милиони денари помалку отколку во претходната година).
Од рекламирање МРТ остварила 12,28 милиони денари, што претставува 1,2% од вкупните приходи. Овој вид приход е за три пати помал отколку во претходната година, кога биле остварени вкупно 37,63 милиони денари.
Членот Гајур Рамадани истакна дека МРТ се наоѓа во немилост на Министерството за информатичко општество со тоа што не ги исплаќаат законските средства наменети за МРТ, и по однос на ова Менаџментот на МРТ мора да направи нов обид со кој ќе ги побара законските средства наменети за МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледано:
-Барање од Катерина Топалова-Дејановска вработена во МРТ со бр.04-5324/1 од 05.09.2024 година.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа барањето и предложи **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ му препорачува на Менаџментот на МРТ при објавување на Интерни огласни да се има во предвид унапредување кај оние вработени во МРТ кои се со стекнато Високо образование а работат на пониски работни позиции .
-Заклучокот беше едгoласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

По однос на оваа точка од дневниот ред членот Анита Латифи предложи Заклучок:
●Да се достави Информација дали по однос на укинатите согласности за вработувања од страна на Владата се побарани нови согласности за вработувања во МРТ.
-Заклучокот беше едгoласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател